


Издаден е нов стрип албум кој е продуциран од "Del Rio Films".  Базичниот  текст на Ниче Димовски-Македон е адаптиран од Оливер Ромески,  цртежот е на Зоран Танев, бојата е на Тони Анастасовски, а дизајнот и  монтажата се на Александар Николовски.

Изданието го обработува животот на Александар од неговото раѓање до битката на Хиронеја кога имал 16 години. 50 страни боја, а ќе се продава на сите попристојни продажни места низ Македонија. За животот на Александар Велики-Македонски се планира да се направат  уште две стрип изданија.

Во ова стрип-издание автентично е прикажана содржината на едно време за детството и животот на најголемиот духовен обединител на Древната Македонска Империја, Александар Македонски. Сите ликови, места (топоними, ороними, хидроними) се

вистински, според постоечките записи, а најсликовито се прикажани клучните настани во една поврзана целина.

Ова четиво по својата содржина е повеќе наменско, затоа што содржи извонредно насликани ликови и настани. Стрипот и овојпат ги докажува своите можности за визуелизација на истите, а дијалозите на ликовите ја даваат јачината на насликаното. Оттука, овој стрип-албум е прекрасно четиво за сите возрасти.